РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
Бр.03-725/2
22.04. 2020 година
Скопје, "Даме Груев" - 4 тел. 3295-600
Поштенски фах 506, Телефакс 3111-336

Врз основа на член 20 став 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/20) и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), директорот на Државниот завод за статистика донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одбивање на барање**

**1.** Се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот Транспаренси Интернешнл – Македонија бр.0302-564 од 05.03.2020 година до Државниот завод за статистика.
**2.** Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

До Државниот завод за статистика барателот Транспаренси Интернешнл – Македонија со адреса ул."Наум Наумовски Борче" бр.58, 1000 Скопје поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое се бара следната информација: Број на изградени објекти за групно домување, категорија А3, во реон 5 и реон 6, на територија на Република Северна Македонија прикажан како во табеларниот преглед на цени по кои се отуѓува градежно земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба, кој е прилог кон Уредбата за изменување на Уредбата за висина на цена на градежно земјиште сопственост на РМ објавена во "Службен весник на РМ" бр.190/17, за периодот од 01.01.2018 до денот на кој се бара информацијата.
Бидејќи Заводот не го достави одговорот во законски утврдениот рок, барателот на информацијата достави жалба за молчење на администрацијата бр.0302-577 со која бара Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да ја уважи жалбата и да наложи на Државниот завод за статистика да ја достави информацијата до барателот во рок 15 дена.

Државната статистика е стручна независна дејност која врз научни основи, на корисниците (правни и физички лица) им обезбедува податоци за економијата, демографијата, социјалниот живот, заштитата на животната средина и другите области. Во Заводот Одделението за дисеминација, статистички територијален регистар и информирање е задолжено за давање на одговори на барања за статистички податоци. На 05.03.2020 година по електронска пошта до Заводот беше добиено барањето од Транспаренси Интернешнл – Македонија, што

беше потврдено со меил од страна на службеното лице за посредување со информации од јавен карактер. Од Одделението за дисеминација, статистички територијален регистар и информирање преку DZS-informacii info@stat.gov.mk> на 06 март 2020 година доставен е одговор (прилог електронска комуникација со барателот) со кој се информира барателот Транспаренси Интернешнл – Македонија дека Заводот не располага со бараните податоци. Меѓутоа, поради технички пропусти во системот за доставување на одговори до барателите на податоци, одговорот не е испратен до барателот.

Согласно со Програмата за статистички истражувања, 2018-2022 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.22/18, 224/18) утврдени се истражувањата кои се спроведуваат во Заводот. Статистички податоци од областа градежништво се прибираат, обработуваат и публикуваат во Одделението за градежништво во Секторот за деловни статистики. Со Програмата, истражувања со кои се обезбедуваат податоци, согласно барањето за слободен пристап не се спроведуваат.

Со оглед дека Заводот не располага со бараната информација, се донесе решение за одбивање на барањето.

**Правна поука:** Против решението барателот на информација има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации ода јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**Решението да се достави до:**
- барателот на информацијата,
- Архивата на Државниот завод за статистика,
- Одделението за правни работи и официјална статистика,
- Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

**Директор**
**Апостол Симовски**